25577

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista / Newspaper cutting: НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

- 12. X. 1979, 11754, 6.

**ВО РАМКИТЕ НА ДЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА**

# ИЗЛОЖБИ ВО ЛОНДОН И БРАТФОРД

**МСУ ВО СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО, ВО БРАТФОРД ЌЕ ЈА ОРГАНИЗИРА ИЗЛОЖБАТА „10 СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ“, А ВО ЛОНДОН „4 МАКЕДОНСКИ ГРАФИЧАРИ“**

**ВО СОРАБОТКА** со Републичката комисија за културни врски со странство, Музејот на современата уметност од Скопје организира и конципира две изложби преку кои во Лондон и Братфорд, во рамките на манифестацијата Денови на македонската култура во Велика Британија, што ќе се одржи во средината на идниот месец, ќе биде претставен дел од стремежите и резултатите на македонската ликовна креација денес. Така, во Братфорд, збратимен со Скопје повеќе од деценија ќе биде прикажана изложбата **„10 современи македонски ликовни уметници“**, на која ќе се најдат делата на **Родољуб Анастасов, Петар Хаџи Бошков, Никола Фидановски — Кочо, Стефан Маневски, Петар Мазев, Доне Миљановски, Вангел Наумовски, Душан Перчинков, Драган Поповски — Дада и Мира Спировска.** Во Лондон, во рамките на изложбата **„4 македонски графичари“**, ќе биде презентирано творештвото на **Трајче Димчевски, Димитар Малиданов, Билјана Унковска, и Симон Шемов,** кои ќе бидат застапени со по пет експонати.



**Душан Перчинков: „Шума и облак“, 1975, масло на платно**

**Истакнувајќи ја** благодарноста на Скопје кон 63-те автори од Велика Британија кои се приклучија кон акцијата за подарување уметнички дела на градот погоден од катастрофалниот земјотрес и чии 97 слики, скулптури, графики и цртежи денес претставуваат составен дел на богатите колекции на МСУ, Соња Абаџиева Димитрова во каталогот кон братфордската изложба пишува дека преку мошне селективниот потход, во овој град ќе бидат презентирани десет ликовни уметници, кои во текот на повеќегодишното дејствување дале доволно докази за своите уметнички вредности и квалитети. Преку делата на некои од нив ќе биде соопштена и поврзаноста со традицијата, транспонирана на современ начин, како една деликатна врска меѓу она што се случувало и изртело од оваа земја и она што е рефлексија на општите збиднувања во ликовните сфери на XX век.

Љубица Дамјановска во каталогот кон лондонската изложба, бележејќи ги низ кус преглед најзначајните дати и имиња во историјата на македонската современа графика, истакнува дека творештвото на четворицата графичари кои ќе не претстават во Велика Британија е само мал дел од мошне разновидниот стилски и содржински опус во оваа дисциплина кај нас.

**С. Ѓуровска**